Сиг. 0802

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 20.06.2008 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3670 | 1 | — |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) и член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по јазик и култура на Власите за V одделение на деветгодишното основно училиште.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЈАЗИК И КУЛТУРА НА ВЛАСИТЕ

V ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2008

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА V ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот / ученичката :

- да се оспособува да чита со разбирање различни текстови;
- да умее писмено да се изразува во различни форми (текст за : честитка, покан, писмо ....);
- да користи граматички и правописни правила при говорењето, читањето и пишувањето;
- да го збогатува речникот со нови зборови ;
- да се поттикнува да учествува во разговор и да умее да искажува свое мислење, доживување, чувства и факти;
- да развива чувство на припадност кон својата култура и почит кон другите култури;
- да се поттикнува да ги проширува знаењата за народната и уметничката литература на Власите.